РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2489/5

30-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 45-та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-1369 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-1369/1 од 12.03.2019 година доставена од непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-1369 од 2019 година, во предметниот случај се води постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1369 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1369 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-1369/1 од 12.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител (анонимна пријава).

Во доставената пријава изнесени се неколку наводи против ректорот и други високи функционери на Државниот универзитет во -------- и тоа за: наводи за финансиски злоупотреби во Буџетот на наведениот Универзитетот, по однос на висината на давачки кои ги плаќале студентите односно, во врска со определувањето на висината на кофинансирање, партиципација, буџетска цена на чинење, определување надомест за запишување на студии во втор и трет циклус и други давачки на студентите на наведената високо - образовна установа, како и за начинот на нивната употреба, односно распределба на средствата стекнати по овие основи; наводи за непотизам во постапки за вработување на неопределено работно време и хонорарен ангажман на блиски роднини и роднини блиски на фамилијарна основа од ректорот и други функционери и наводи за доделување на тендер во вредност од 85.000 евра на фиктивен начин, за набавка на Информатички услуги за мултијазична евиденција на работните процеси на Државниот Универзитет во --------.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до Основното јавно обвинителство и Државниот просветен инспекторат, за надлежно постапување и за достава на податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањата на ДКСК доставени се бараните известувања и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

- По однос на наводите за финансиски злоупотреби, ДКСК побара од Државниот просветен инспекторат да постапи согласно своите законски надлежности за вршење надзор над примена на законската регулатива во високото образовните и научните установи и да изврши вонреден инспекциски надзор над работењето на Државниот универзитет во -------- ---- за периодот 2018-2019 година со особен осврт на предметните наводи,

- По однос на наводите за непотизам во постапки за вработување реализирани во предметниот универзитет, констатирано е дека по вакви и други слични наводи во ДКСК веќе се постапува по предмети оформени во Одделението за спречување судир на интереси.

- По однос на наводите за склучен тендер во вредност од 85.000 евра на фиктивен начин, преку објавен јавен оглас за постапка за јавна набавка бр.--/2015 за набавка на Информатички услуги за мултијазична евиденција на работните процеси на Државниот Универзитет во ------, ДКСК при извршени проверки на интернет портали и објави од медиуми дојде до сознание дека за предметниот случај била покрената кривична пријава, па по однос на истото побарана е информација од Основното јавно обвинителство ------- за тоа дали и како било постапено од нивна страна по однос на кривичната пријава поднесена од Управата за финансиска полиција.

-На ден 24.07.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од Основното јавно обвинителство ------ со кое се известува дека во врска со предметниот случај на 15.11.2019 година Управата за финансиска полиција - Скопје до Основно јавно обвинителство -------- поднела Кривична пријава против лицата ---------- ---------, во својство на Раководител на Центарот за информатички технологии при Државниот Универзитет во --------,------- --------, во својство на Советник за ИКТ (информатички и компјутерски технологии) при Државниот Универзитет во -------- и -------- -------, во својство на Соработник за ИКТ (информатички и компјутерски технологии) при Државниот Универзитет во ------ поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело Несовесно работење во службата од чл.353-в ст.3 од Кривичниот законик. Во предметното основно јавно обвинителство по доставената пријава бил оформен предмет по кој се постапува и предметот бил во фаза на прибирање на процесни дејствија, а поради пандемијата со корона вирусот COVID 19, некои процесни дејствија биле пренасрочени за други датуми, а постапката по предметот ќе продолжела. Во прилог на известувањето доставена е кривичната пријава.

- На ден 17.08.2020 година по барање на ДКСК доставено е известување од Државниот просветен инспекторат со кое се известува дека од нивна страна не можело да биде извршен вонреден инспекциски надзор во однос на финансиското работење и финансиската злоупотреба на Државниот универзитет во -------, од причина што тоа не било во надлежност на Државниот просветен инспекторат. Воедно, ДКСК се известува дека стекнувањето на финансиските средства и распределбата на истите во високообразовните установи, односно трошењето на истите било регулирано со нивни интерни акти, донесени од телата и органите на високообразовната установа, како и со акти на Министерството за образование и наука, а за што контрола се вршело од страна на внатрешна ревизија на високообразовните установи, односно вакви финансиски контроли вршело и Министерството за образование и наука и Државниот завод за ревизија.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека по однос на наводите во доставената пријава за финансиски злоупотреби и за непотизам во постапки за вработување постапено е од страна на други органи, а воедно по однос на наводите во пријавата за склучен тендер на фиктивен начин во постапка за јавна набавка на информатички услуги за мултијазична евиденција на работните процеси на предметниот универзитет, била поднесена кривична пријава по која бил оформен предмет по кој постапува Основното јавно обвинителство во ------- кое презело дејствија од своја надлежност и пред кое постапката по предметот е се уште во тек. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно

постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 2489/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до : Архива
По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р В.Г.,член на ДКСК